## ТОНИ ДИМОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ПЛАТЕЖНАТА АГЕНЦИЈА

# ПРАВИМЕ СЕ' ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ДА ДОЈДАТ ДО ПАРИТЕ

Пријавувањето за субвенции е поедноставено со воведувањето на регулаторната гилотина, вели Димовски



На 20 јануари почна пријавувањето за субвенции за 2009 година. Први се земјоделците што имаат засеано есенски култури, пченица и јачмен, и сточарите што имаат обележани говеда. Директорот на Платежната агенција преку која земјоделците ги добиваат парите, Тони Димовски, вели дека годинава за субвенции има одвоено околу 70 милиони евра.

*** Има ли проблеми при пријавувањето и колку е олесната постапката за поднесување документи?**

- Засега пријавувањето се одвива без проблеми. Од првиот ден на земјоделците им се помага при пополнувањето на формуларите, а и постапката е поедноставена во делот на документација, резултат на регулаторната гилотина во оваа област. Исто така, повеќе податоци ќе се обезбедуваат по службена должност од регистрите на соодветните управи.

*** За кои земјоделци и колку се зголемени средствата за кои аплицираат**?

- Сегашната финансиска поддршка е продолжение на минатогодишната, соодветно зголемена за растителното производство, сточарството, органското производство, рибарството, аквакултурата и за руралниот развој. Новост е воведувањето комбинирана поддршка кај растителното производство - според обработени површини,

односно предадено производство во преработувачки капацитети и во сточарството - според обележани глави и предадено производство, но и проширениот опфат на земјоделци, односно фармери.

*** Парите за субвенционирање годинава вторпат се пласираат преку вашата агенција. Имаше ли лани проблеми и како Министерството за земјоделство ја оцени агенцијата?**

- Платежната агенција е специјализирана за доделување финансиска поддршка на земјоделците и поддршка на развојот на руралната средина. Краткиот подготвителен период за доследното извршување на своите надлежности веќе од почетокот на минатата година, брзото екипирање, посветеност и обученост на вработените, отвореноста кон корисниците резултираше со успешно реализирање на средствата. Проблеми постоеја од самиот почеток: неправилно пополнети обрасци, необезбедена документација, компликации во фазното аплицирање, неподготвеност на откупувачите на земјоделски производи, промена на статусот на одделни земјоделските стопанства и, воопшто, беше потребно заживување на целиот систем неопходен за реализација на обемната програма. Но, секој почеток е тежок, се вложи многу енергија, се надминуваа проблемите и се решија предметите на над 80.000 подносители на барања за поддршка.

*** Што добиваат земјоделците од агенцијата и што таа финансира?**

- Платежната агенција е служба во функција на земјоделците, која според својата специјализирана поставеност и организација нуди поефикасно администрирање и обработка на барањата за средствата од владините програми. Нејзината акредитација ќе овозможи пристап до средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој. Покрај брзата исплата на средствата директно на трансакциските сметки на корисниците, годинава поддршката за земјоделците е приспособена на различните сезони на земјоделско производство, односно да ја добијат во периоди кога им е најнеопходна.

*** Кои се новите области во финансирањето годинава?**

- Програмата за поддршка на руралниот развој годинава изнесува 420 милиони денари и ги опфаќа следните мерки: инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, вклучително и аквакултура. Новост е можноста земјоделците да аплицираат за набавка на трактори и за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи. Инвестициите за рурална инфраструктура годинава опфаќаат неколку сегменти - создавање основни предуслови за развој на сточарството, инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување, инвестиции за реконструкција или изградба на патна инфраструктура и поддршка на промотивни активности за рурален туризам. Има средства и за производство и користење обновливи енергии во рурални средини, што е сосема нова област која се опфаќа во оваа програма.

*** За кога е планирана акредитацијата на агенцијата?**

- Акредитацијата треба да ја добиеме годинава. Во декември беше извршена ревизија

од независна ревизорска куќа, која ја опфати целокупната документација со која се регулира функционирањето на агенцијата и управувачкото тело, како и подготвеноста на вработените да одговорат на работните задачи создадени според критериумите на експерти и ревизори од Директоратот за земјоделство на Европската комисија. Во очекување сме на извештајот од оваа ревизија. И тој е услов за добивањето на т.н. национална акредитација од националниот офицер за авторизација. Веднаш потоа ќе почне и процесот за акредитација од страна на Европската комисија.

**Валентина Ангеловска**

Интервјуто е превземено од дневниот весник - Дневник